МК - македонски

Упатства за употреба - LMA Supreme™

ВНИМАНИЕ: Државниот закон (САД) ја ограничува продажбата на овој уред само на лекари или по нарачка на лекар.

ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ: LMA Supreme™ се доставува стерилен за еднократна употреба, и треба да се употреби директно од пакувањето и да се фрли по употребата. Не смее да се употребува повторно. Повторната употреба може да причини вкрстена инфекција и да ја намали сигурноста и функционалноста на производот.

ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ: Повторното обработување на LMA Supreme™ само за еднократна употреба, може да даде лоши резултати и губење на функционалноста. Повторната употреба на производи за еднократна употреба може да резултира со изложување на вирусни, бактериски, габични или прионични патогени. Валидирани методи за чистење и стерилизација и упатства за повторна обработка на оригиналните спецификации не се достапни за овој производ. LMA Supreme™ не е дизајниран за да биде чистен, дезинфициран или повторно стерилизиран.

1. ОПИС НА УРЕДОТ:

LMA Supreme™ е иновативен, од втора генерација, уред за еднократна употреба за одржување на супраглотичен дишен пат.

LMA Supreme™ обезбедува пристап до, и функционално одделување на респираторните и дигестивните патишта. Анатомски формираниот тубус за дишни патишта е елиптичен на хоризонтален пресек и завршува дистално во ларингеалната маска. Меурот за надувување е дизајниран за да одговара на контурите на хипофаринкс, со проширувањето и маската гледајќи кон ларингеалниот отвор - првото слепување (First Seal™)

LMA Supreme™ исто така содржи дренажен тубус кој се појавува како посебен отвор проксимално и продолжува дистално долж предната површина на проширувањето на меурот, поминувајќи низ дисталниот крај на меурот за да комуницира дистално со горниот езофагеален сфинктер - второто слепување (Second Seal™).

Дренажниоттубус може да се употребува за пасажа на добро подмачканиот гастричен тубус во желудникот, овозможувајќи лесен пристап за евакуација на гастричната содржина. Дренажниот тубус има дополнителна и важна функција - може да се употребува како монитор за правилното поставување на LMA Supreme™ по инсерцијата и потоа за континуирано следење на изместувањето на маската за време на употребата.

LMA Supreme™ обезбедува лесна инсерција без потреба од дигитален водич или алатка за воведување и доволно флексибилност за да се дозволи уредот да остане на местото, ако главата на пациентот се движи во која било насока. Двете латерални бразди на тубусот за дишен пат се дизајнирани за да спречат извртување на тубусот кога тој се свиткува. Вградената газа за загризување го намалува ризикот за потенцијално оштетување на тубусот и затнување ако пациентот гризе.

LMA Supreme™ има нов систем за фиксирање кој го спречува проксималното изместување. Ако се употребува правилно, ова го подобрува слепувањето на дисталниот крај околу горниот езофагеален сфинктер - Second Seal™, со што го изолира респираторниот тракт од дигестивниот тракт, и така ја намалува опасноста од несакана аспирација.

Прикачена до маската е линијата за надувување која завршува во пилот балон и еднонасочен чеп за проверка за надувувањето и издишувањето на маската.

LMA Supreme™ примарно е направен од медицински вид на поливинилхлорид (PVC) и се доставува само за еднократна употреба. На крајот се стерилизира со гас етилен оксид.

Сите компоненти не се направени со природна латекс гума.



Слика 1: Компоненти на LMA Supreme™

Компоненти на LMA Supreme™ (Слика 1):
(a) Тубус за дишен пат со анатомска форма
(b) Вграден е одделен дренажен тубус
(c) Меур со можност за надувување и со проксимални и дистални сегменти кои се затвораат
(d) Линија за надувување на меурот
(e) Пилот балон
(f) Ригидна проксимална компонента која формира посебен дишен пат и отвори за дренажниот тубус
(g) Јазиче за фиксирање
(h) Вградена газа за загризување

Уредот е наменет само за медицински професионалци кои се обучени за водење дишни патишта.

2. ИНДИКАЦИИ ЗА УПОТРЕБА:

LMA Supreme™ се употребува за постигнување и одржување контрола над дишниот пат при рутински и итни анестетички постапки со спонтана или позитивна притисочна вентилација (ППВ) кај пациенти кои претходно апстинирале од храна.

Исто така е индициран за употреба како спасоносен уред за дишни патишта во постапки на КПР, кога традиционално се користеле LMA ProSeal™, LMA Classic™ или LMA Unique™. LMA Supreme™ исто така е индициран како „спасоносен уред за дишен пат“ во познати или неочекувани ситуации на отежната проодност на дишниот пат. LMA Supreme™ може да се употреби и за воспоставување на непосреден, чист дишен пат за време на реанимација кај пациенти во бессознание и без глософарингеални и ларингеални рефлекси, на кои можеби ќе им биде потребна вештачка вентилација.

Исто така може да се употреби за да се осигура брзо дишен пат кога трахеалната интубација е невозможна поради недостаток на достапна експертиза или опрема, или кога обидите за трахеална интубација биле неуспешни.

3. ИНФОРМАЦИИ ЗА РИЗИК - КОРИСТ:

Користа од воспоставување на дишење со LMA Supreme™ мора да биде измерена во однос на потенцијалниот ризик од аспирација во некои состојби, вклучувајќи: симптоматски или нелекуван гастро-езофагеален рефлукс, бременост над 14 недели, мултипни или масивни повреди, состојби поврзани со земање на опијатни лекови кај пациенти со акутна повреда или перитонеални инфекции, или воспалителни процеси.

Кога се употребува кај длабоко нереактивен пациент кој има потреба од реанимација, или кај пациент со отежната проодност на дишниот пат при ургентни состојби (на пример, „не може да се интубира, не може да се вентилира“) LMA Supreme™ претставува „спасоносен“ уред за дишен пат од прв избор за да се обезбеди оксигенација. Ризикот од регургитација и аспирација е минимизиран бидејќи LMA Supreme™ нуди лесен пристап до течната желугастрична содржина. Сепак, крајната одлука за дефинитивниот избор на „спасоносен“ уред за дишен пат останува на оној што ги одржува дишните патишта. Кај пациентите со тешка орофарингеална траума, уредот треба да биде употребен само кога другите обиди за да се воспостави дишен пат се неуспешни.

4. КОНТРАИНДИКАЦИИ:

- Пациенти кои имале радиотерапија на вратот, вклучувајќи го хипофаринкс (ризик од траума, неуспех да се прилепи ефективно).
- Пациенти со неадекватно отворање на устата за да се дозволи инсерција.
- Пациенти кои се испратени за итна хирургија и кои се со ризик за масивен рефлукс, како на пример акутна интестинална опструкција или илеус, или пациенти кои биле повредени набрзо по внесување на обилен оброк (но погледнете погоре во делот за Индикации за употреба).
- Пациенти кои имаат потреба од хирургија на глава и врат кога хирургот не може да добие соодветен пристап поради присуство на уредот.
- Пациенти со интактен гаг-рефлекс кои даваат одговор.
- Пациенти кои голтнале каустични супстанции.

5. ПРЕДУПРЕДУВАЊА:

5.1 И покрај приказите на случаи кои се охрабрувачки, сеуште не се знае дали LMA Supreme™ секогаш овозможува заштита од аспирација дури и кога е правилно фиксиран на местото.

5.2 Присуството на желудечна сонда не ја исклучува можноста за аспирација ако уредот не е правилно поставен и фиксиран на местото.

5.3 LMA Supreme™ може да биде неефективен за употреба кај пациенти со намалена белодробна комплијанса поради фиксната опструктивна болест на дишните патишта бидејќи потребата за позитивен притисок во дишните патишта може да го надмине притисокот на слепување.

5.4 Не обидувајте се да ја протнете желудечната сонда во желудникот преку дренажниот тубус во присуство на позната или сомнителна езофагеална патологија.

5.5 Постои теоретски ризик за појава на отоци или хематоми ако директно се примени аспирација на крајот од дренажниот тубус.

5.6 За да се избегне траума, не треба да се применува прекумерна сила во кое било време

кога се користи уредот. Прекумерната употреба на сила мора да се одбегнува постојано.

5.7 Овој уред содржи ди (2-етилхексил) фталат (DEHP). Резултатите од некои анимални експерименти покажале дека фталатите можат да бидат потенцијално токсични за репродукцијата. Според цитатите од моментално достапните научни сознанија, ризиците за недоносените деца од машки пол не може да се исклучат во случаите на долготрајно изложување или употреба. Медицинските производи кои содржат фталати треба да се користат само повремено кај бремени жени, доилки, доенчиња и мали деца.

5.8 Не употребувајте го LMA Supreme™ ако уредот е оштетен или ако единечното пакување е оштетено или отворено.

5.9 Никогаш не надувувајте го меурот од уредот прекумерно, преку 60 cm H_2O. Прекумерен притисок внатре во меурот може да резултира со лоша поставеност и фаринго-ларингеално заболување, вклучувајќи болки во грлото, отежнато голтање и повреда на нервите.

5.10 Не потопувајте го и не навлажнувајте го уредот во течност пред употребата.

5.11 Пред употребата на тубусите, најважно е да се направат проверки, со цел да се утврди дали тубусите се безбедни за употреба. Ако некој од овие тестови е неуспешен, тогаш уредот не треба да се употребува.

5.12. Кога се нанесува лубрикант, да се избегнува зачепување на отворот на дишниот пат со лубрикантот.

5.13 Треба да се употребува лубрикант растворлив во вода, како K-Y Jelly®. Не употребувајте лубриканти на база на силикон, бидејќи ги оштетуваат компонентите на LMA Supreme™. Лубрикантите што содржат лидокаин не се препорачува да се употребуваат со уредот. Лидокаинот може да го забави враќањето на заштитните рефлекси на пациентот кои се очекуваат пред отстранување на уредот, веројатно може да предизвика алергиска реакција или може да влијае врз околните структури, вклучувајќи ги и гласните жици.

5.14 Дифузија на азотен оксид, кислород, или воздух може да го зголеми или намали волуменот и притисокот во меурот. Со цел да се осигура дека притисоците внатре во меурот не стануваат прекумерни, треба редовно мерење на внатрешниот притисок во меурот со монитор за притисок во меур.

5.15 Кога уредот се употребува во специјални услови на средината, како што е примена на збогатен кислород, проверете дали се преземени сите потребни подготовки и мерки на претпазливост, особено во однос на опасностите од избувнување на пожар и превенцијата. Уредот може да биде запаллив во присуство на ласер и опрема за електрокаутеризација.

5.16 Погледнете во поглавје 18 за информациите при МРИ пред да ги користите уредите во средина на МРИ.

6. МЕРКИ НА ПРЕТПАЗЛИВОСТ:

6.1 Користете го само со препорачаните маневри опишани во упатствата за употреба.

6.2 Ако сеуште се присутни проблемите или вентилацијата е неадекватна, LMA Supreme™ треба да биде отстранет и воспоставен дишниот пат на некој друг начин.

6.3 Основно е внимателното ракување. LMA Supreme™ е направен од медицински вид на PVC кој може да биде скинат или перфориран. Постојано избегнувајте контакт со остри или зашилени предмети. Не вметнувајте го уредот сé додека меурот не е потполно издишан како што е опишано во упатствата за инсерција.

6.4 Ракавици треба да се носат за време на припремата и инсерцијата за да се минимизира контаминација на дишниот пат.

6.5 Чувајте го уредот во темна и студена средина, одбегнувајќи директна изложеност на сончева светлина или екстремни температури.

6.6 Употребениот уред треба да ги следи процесите на ракување со биолошки опасни производи, во согласност со сите локални и национални прописи.

6.7 Употребувајте само шприц со стандарден луер отвор за надувување/издишување на меурот.

6.8. Ларингеалниот спазам може да се појави ако пациентот е под лесна анестезија за време на хируршката стимулација или ако бронхијалните секрети ги иритираат гласните жици при будење од анестезија. Ако се појави ларингеален спазам, третирајте ја причината. Отстранете го уредот само кога заштитните рефлекси на дишниот пат се целосно вратени.

6.9. Не влечете и не употребувајте непотребна сила кога работите со линијата за надувување, и не обидувајте се да го отстраните уредот од пациентот преку тубусот за надувување, бидејќи може да се откачи од чепот на меурот.

6.10 Проверете дали се отстранети сите стоматолошки помагала пред вметнување на уредот.

6.11 Несигурен или затнат дишен пат може да е резултат на неправилно вметнат уред.

7. НЕСАКАНИ ЕФЕКТИ:

Објавени се несакани реакции поврзани со употребата на тубуси со ларингеална маска. За специфични информации треба да се провери во стандардните учебници и објавената литература.

8. СЕЛЕКЦИЈА НА ГОЛЕМИНАТА:

За нормални возрасни луѓе, користете големина на уред број 4, како прв избор. По инсерцијата, фиксирање на уредот на местото, и потоа надувувањето според препорачаниот притисок, треба да има минимум еден cm растојание помеѓу лентата за фиксирање и горната усна на пациентот. Ако лентата притиска врз усната или е многу блиску до неа, значи дека уредот е многу мал за пациентот и треба да се употреби големина 5, за да се избегне ризикот од (а) слабо залепување кон хранопроводникот (езофагусот), и (б) можна траума од притисок на усната. Ако по фиксирањето лентата за фиксирање е на растојание поголемо од 2,5 cm од горната усна, може да се советува да се користи уред со големина 3. Одлуката да се замени уредот со помала големина ќе зависи од квалитетот на дишниот пат, стабилноста на уредот и постигнатиот притисок на прилепување.



Слика 2: Одредување на големина на LMA Supreme™

Слика 3: Одредување на големина на LMA Supreme™ (метод 2)

Методот на одредување на големина, опишан погоре, бара да бидат достапни и при рака сите три големини на LMA Supreme™ за возрасни.

За возрасни пациенти кои се или помали или поголеми од нормалното, често е можно да се добие добар резултат користејќи уред со големина 4, и дадената количина на воздух, користена за да се надува меурот, секогаш е базирана на постигнување на притисок внатре во меурот од 60 cm H_2O. Кај помалите пациенти, овој притисок се постигнува со релативно мал волумен на воздух, додека поголемите пациенти бараат поголеми волумени. Сепак, кога постои сомнение, произволна проценка на соодветна големина може да се направи со држење на секој уред наспроти страната на лицето на пациентот, во положба која одговара на положбата покажана на слика 3.

9. ТЕСТОВИ ЗА ЕФИКАСНОСТ ПРЕД УПОТРЕБАТА:

Следните набљудувања и тестови мораат да бидат спроведени пред употреба на уредот. Тестовите за ефикасност треба да се спроведат во просторија и на начин кои се конзистентни со прифатената медицинска практика која го минимизира ризикот од контаминација на LMA Supreme™ пред инсерцијата.

Предупредување: Не употребувајте го уредот ако е неуспешен кој било тест или набљудување.

- Проверете ја површината на LMA Supreme™ и дренажниот тубус за оштетување, вклучувајќи дупки, посекотини, гребаници или извиткувања.
- Проверете ја внатрешноста на тубусот за дишен пат и дренажниот тубус за да се осигурите дека тие немаат извртувања кои го блокираат дренажниот тубус во тубусот за дишен пат, или слободни честички. Присуството на какви било честички во тубусите треба да се отстранат. Не употребувајте го тубусот ако не може да се отстрани затнувањето или честичките.
- Издишете го меурот целосно. Штом се издиши, проверете го меурот за спонтано издишување. Не употребувајте го тубусот ако меурот спонтано се надувува.

10. ИЗДИШУВАЊЕ НА УРЕДОТ ПРЕД ИНСЕРЦИЈА:

- Откако цврсто ќе се конектира шприц од најмалку 50 ml на отворот за надувување, држете го шприцот и LMA Supreme™ точно како што е прикажано на слика 4. Придвижете го конектираниот шприц подалеку од уредот сé додека линијата за надувување не се истегне лесно како што е прикажано. Притиснете го дисталниот крај на уредот помеѓу показалецот и палецот додека го извлекувате воздухот сé додека не се добие вакуум.
- Додека издишувате, држете го уредот така што дисталниот крај се изврти лесно кон напред, како што е покажано на Слика 4.

- Издишете го уредот сé додека притисокот во шприцот не ви покаже дека во маската е воспоставен вакуум. Чувајте го шприцот под притисок додека не го откачите брзо од отворот за надувување. Ова ќе овозможи маската да остане доволно издишана, како што е покажано на Сл 5.

Слика 4: Издишување на LMA Supreme™

Слика 5: Откако ќе се постигне клиниеста форма на меурот при издишувањето, откачете го шприцот од линијата за надувување

11. ИНСЕРЦИЈА:

Мерки на претпазливост: Проодноста на дишниот пат треба да биде повторно потврдена по која било промена на положбата на главата и вратот на пациентот.

- Подмачкајте ја задната површина на маската и тубусот за дишниот пат непосредно пред инсерцијата.
- Застанете зад или покрај главата на пациентот.
- Поставете ја главата во неутрална положба или положба на лесно „шмркање“ (шмркање = екстензија на главата + флексија на вратот).
- Држете го уредот точно како што е покажано на слика 6.
- Притиснете го дисталниот врв кон внатрешниот аспект на горните заби или вилица.
- Лизгајте го кон внатре користејќи лесен дијагонален пристап (насочете го врвот подалеку од средната линија).
- Продолжете да го лизгате кон внатре, вртејќи ја раката со кружно движење така што уредот да ја следи кривината зад јазикот.
- Отпор ќе се почувствува кога дисталниот крај на уредот ќе допре до горниот езофагеален сфинктер. Сега уредот е комплетно внесен.



Слика 6: Притиснете го врвот на маската кон тврдото непце.

Слика 7: Притиснете го меурот понатаму во устата, одржувајќи го притисокот врз непцето.

Слика 8: Занишајте го уредот кон внатре со кружно движење, притискајќи врз контурите на тврдото и мекото непце.

Слика 9: Туркајте го напред уредот во хипофаринкс сé додека не почувствувате отпор.

12. ФИКСАЦИЈА:

Користејќи леплива лента, зацврстете го LMA Supreme™ на лицето од пациентот, како што е опишано:

- Користете парче на леплива лента долго 30-40 cm, држејќи го хоризонтално со двата краја
- Притиснете ја лепливата лента трансверзално преку работ за фиксација, продолжувајќи да притискате кон долу така што краевите на лентата да се залепат на секој образ од пациентот, а самиот уред нежно да се притисне кон внатре со лентата
- Не вртете ја лентата околу проксималниот крај на уредот
- Не користете Guedel тубус за дишен пат; уредот има вградена газа за загризување



Слика 10a

Слика 10b

Слика 10: Прицврстете го уредот на место користејќи леплива лента. Растегнете ја лепливата лента вертикално кон долу (Видете ја Слика 10a), проверете дали средината на лентата е притисната вертикално надолу преку јазичето како што е покажано на Слика 10b.

13. НАДУВУВАЊЕ:

Надувајте го меурот со воздух сé додека не се постигне соодветен притисок внатре во меурот. Препорачаниот притисок внатре во меурот никогаш не треба да надмине 60 cm H_2O. Ако нема манометар при рака, надувајте со толку воздух колку да се постигне прилепување доволно за да дозволи вентилација без протекување на воздух.

Големина на тубусот	Тежина на пациентот (kg)	Максимална големина на ОГ тубус	Максимален препорачан волумен на надувување	Оптимален притисок внатре во меурот
1	< 5	6 Fr	5 ml	60 cm H_2O
1,5	5-10	6 Fr	8 ml	
2	10-20	10 Fr	12 ml	
2,5	20-30	10 Fr	20 ml	
3	30-50	14 Fr	30 ml	
4	50-70	14 Fr	45 ml	
5	70-100	14 Fr	45 ml	

Табела 1: LMA Supreme™ водич за селекција

14. ПРАВИЛНА ПОЛОЖБА:

Правилното поставување треба да обезбеди прилепување кон глотисот со врвот на маската на горниот езофагеален сфинктер, кое нема да пропушта воздух. Вградената газа за загризување треба да лежи помеѓу забите.

За да се олесни дијагнозата за правилно поставување на маската, ставете мал болус (1-2 ml) на соодветен вискозен лубрикант растворлив во вода на проксималниот крај на дренажниот тубус. Ако маската е соодветно поставена, би требало да има лесни менискусни движења на лубрикантот горе-долу по употребата и ослободување лесен притисок во супрастерналниот засек. Ова покажува дека дисталниот крај на дренажниот тубус правилно е поставен така што тој е слепен околу горниот езофагеален сфинктер („тестот на супрастерналниот засек“). Слично движење може да се види и кога се применува лесен мануелен позитивен притисок на дишниот пат преку уредот.

15. ГАСТРИЧНА ДРЕНАЖА:

Дренажниот тубус го олеснува протокот на течностите и гасовите кои се појавуваат од желудникот. За да се олесни гастричната дренажа, желудочната сонда може да се протне низ дренажниот тубус во желудникот во секое време во текот на анестетичката постапка. Проверете во Табела 1 за максималните големини на желудочните сонди. Желудочната сонда треба да биде добро подмачкана и протната бавно и внимателно. Не треба да се прави сукција сé додека желудочната сонда не влезе во желудникот. Не треба да се пристапи кон сукција директно на крајот на дренажниот тубус, затоа што тоа може да предизвика колапс на дренажниот тубус и теоретски може да предизвика повреда на горниот езофагеален сфинктер.

16. ВОДЕЊЕ НА АНЕСТЕЗИЈАТА

LMA Supreme™ добро се толерира кај пациенти кои дишат спонтано кога се користи со волатилни агенси или со интравенска анестезија, обезбедената анестезија е соодветна за да одговара на нивото на хируршкиот стимул и кога меурот не е прекумерно надуен.

За време на позитивно притисочната вентилација (ППВ) користејќи LMA Supreme™, волумените на здив (тајдал волумените) не треба да надминат 8 ml/kg и максималниот инспираторен притисок треба да се држи под максималниот притисок за прилепување на дишниот пат.

Ако се јави пропуштање на воздух за време на ППВ, тоа може да се должи на лесна анестезија која причинува затворање на глотисот до одреден степен, силна редукција на белодробната комплијанса поврзана со постапките, или фактори од страна на пациентите, или изместување или придвижување на меурот со вртење на главата, или влечење на несоодветно прицврстена маска.

17. ЗАКРЕПНУВАЊЕ:

Отстранувањето секогаш треба да се спроведува од обучен персонал. Иако уредот може да не биде отстранет во операционата сала, неговата ниска инвазивност го прави добар уред за одржување на дишниот пат за време на закрепнувањето во Единицата за постанестетичка нега (ЕПАН) од страна на обучениот обезбеден персонал и соодветната опрема. Бидејќи закрепнувањето вклучува пораст на фарингеалниот тонус, има смисол да се редуцира волуменот на воздух во меурот пред да се испрати пациентот во ЕПАН; меѓутоа, меурот никогаш не треба да биде целосно издишан во оваа фаза.

Целосно издишете го меурот и истовремено отстранете го уредот САМО кога пациентот може да ја отвори устата на барање. Ако меурот е ЦЕЛОСНО издишан пред ефективно да се вратат назад рефлексите на голтање и кашлање, секрециите во горниот фаринкс можат да влезат во дишникот, предизвикувајќи кашлање или ларингеален спазам.

Следењето на пациентот треба да продолжи во фазата на закрепнување. Таму каде што е соодветно, кислород треба да се додава континуирано преку анестетичкиот круг или преку Т-дел кој е додаден на проксималниот крај на уредот за дишен пат.

18. УПОТРЕБА ПРИ МАГНЕТНА РЕЗОНАНЦА (МРИ):

MR Conditional

LMA Supreme™ е МРИ-безбеден само под одредени услови. Неклиничките тестирања покажале дека уредите LMA Supreme™ се МРИ-безбедни под одредени услови. Пациент со овој уред може да биде безбедно скениран веднаш по ставањето на уредот, под следниве услови:

- Пред да влезе пациентот во собата со систем за МРИ, секогаш мора да биде соодветно фиксиран на местото со леплива лента, платнена лента или на друг соодветен начин, за да се спречи движење или изместување.
- Статичко магнетно поле од 3-Тесли или помалку.
- Максимално просторно градиентно магнетно поле од 720 гауси/cm (7,2 T/m) или помалку.
- Известување за максимален MP систем, со просечна специфична стапка на апсорпција на цело тело (ССА) од 4-W/kg (контролиран начин на операција од прв степен за операција за МРИ систем) за 15 min. на скенирање (на секоја пулсна секвенца).

Загревање поврзано со МРИ

Под условите за скенирање дефинирани погоре, се очекува LMA Supreme™ да произведува максимален пораст на температурата од 2,2 °C по 15 минути на континуирано скенирање.

Информации за артефакти

Максималната големина на артефакти како што се гледа на градиентна ехо пулсна секвенца и при 3-Тесли МРИ систем се проширува на апроксимативно 20-mm релативно на големината и формата на LMA Supreme™, големина 5.

19. ДЕФИНИЦИЈА НА СИМБОЛИТЕ:

	Производител
	Проверете за Упатства за употреба (УЗУ) на оваа веб-страница: www.LMACO.com
	Волумен на надувување со воздух
	Тежина на пациентот
	Пред употреба, прочитајте ги упатствата
	Не е направено со природна латекс гума
	Кршливо, да се ракува внимателно
	Да се држи подалеку од сончева светлина
	Да се чува на суво
	Овој крај нагоре
	Шифра на производот
	Број на серијата
	CE ознака
	Да не се употребува повторно
	Не рестерилизирајте го
	Содржи или има присуство на фталати: Бис(2-етилхексил) фталат (DEHP)
	Стерилизирано со етилен оксид
	Употребливо до
	Да не се употребува ако пакувањето е оштетено
	При МР, да се користи под одредени услови

Copyright © 2015 Teleflex Incorporated
Сите права се задржани. Ниту еден дел од оваа публикација не смее да биде репродуциран, складиран во систем за податоци или пренесуван на каков било начин, електронски, механички, со фотокопирање, преснимување или друго, без претходна дозвола од издавачот.

LMA, LMA Better by Design и LMA Supreme се трговски марки или регистрирани трговски марки на Teleflex Incorporated или негови придружни членки. LMA Supreme™ е заштитен со серија на доделени и тековни патенти.

Информациите наведени во овој документ се точни во времето на печатење. Производителот го задржува правото да ги подобри или модифицира производите без претходно известување.

Проверете во упатствата за индикации, контраиндикации, предупредувања и мерки на претпазливост или пак информации врз основа на кои е покажано дека LMA™ тубусите за дишни патишта најдобро одговараат за различни клинички примени.

Гаранција од производителот:
LMA Supreme™ се наменети за еднократна употреба и се гарантира нивната исправност во времето на испорака.

Гаранцијата е важечка само ако купувањето е извршено преку овластен дистрибутер. TELEFLEX INCORPORATED ГИ ОТФРЛА СИТЕ ДРУГИ ГАРАНЦИИ, БИЛО ИЗРАЗЕНИ ИЛИ ИМПЛИЦИРАНИ, ВКЛУЧУВАЈЌИ ГИ, БЕЗ ОГРАНИЧУВАЊЕ, ГАРАНЦИИТЕ ЗА ПРОДАЖНАТА ВРЕДНОСТ ИЛИ СООДВЕТНОСТА ЗА ОДРЕДЕНА НАМЕНА.

Teleflex Medical
IDA Business and Technology Park
Dublin Road, Athlone
Co. Westmeath, Ирска

Информации за контакт во САД:
Teleflex Medical
2917 Weck Drive, Research Triangle Park
NC 27709 САД
меѓународно: (919) 544-8000
САД: (866) 246-6990

www.LMACO.com

CE 0086

Издание: PAJ-2126-002 Rev B MK